РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 25.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera |
| 05 | 103/1 | | |

Број 16- 1269/1
24.02. 2025 година

Врз основа на член 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РМ бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/2018, 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 51/2024 и 272/2024), член 1 од Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на плата на претседателот на Република Северна Македонија, на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 13/2025) и член 2 точка 7 став 2 алинеја 9 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 126/2024) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за коефициент за утврдување плата

1. На Блерим Исени, заменик директор на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, платата за вршење на функцијата му се утврдува по коефициент 2,23.
2. Платата по основа на работното искуство се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.
3. Исплатата по ова решение ќе ја врши Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, сметано од 01/ 02 /2024 година.

### О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Република Северна Македонија го именува, Блерим Исеини за заменик директор на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. За функцијата за која е именуван во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија и во член 1 од Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на плата на претседателот на Република Северна Македонија, на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Северна Македонија утврден е коефициент од 2,23.

Според членот 10 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија работното искуство се вреднува така што платата во месечен износ ќе се зголемува за процентот утврден за работното искуство од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Со оглед на изложеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Претседател**
**на Комисијата за прашања на**
**изборите и именувањата,**
Ѓорѓија Сајкоски

Доставено до:
- именуваниот
- Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- архива

Изработил

Контролирал